# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

16.05.2025 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.60 ГОД.30

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

1.Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година.
2.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Босилово за 2025 година.
3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година,бр.08-2718/1 од 30.12.2024 година (Службен гласник на општина Босилово,бр.52/24).
4.Одлука за измена на одлуката за одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година и измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2722/1 од 30.12.2024 година.
5.Одлука за давање согласност на измена и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово за 2025 година.
6.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД„Огражден“-Босилово.
7.Заклучок за усвојување на извештајот за материјално-финансиското работење на ЈПКД„Огражден“-Босилово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.
8.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“-Босилово за отпишување на долг.
9.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“-Босилово за сечење на гранки на физички и правни лица.
10.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“-Босилово за работа после водомер (приклучок на вода).

11.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“-Босилово за донесување на ценовник за јавна чистота на површините на општина Босилово.
12.Решение за избор на член на Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди.

13.Решение за именување претставник на Министерството за социјална политика,демографија и млади за избор на член на Управниот одбор на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово.
14.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово за измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово.
15.Одлука за ко-финансирање на проекти на граѓански организации (ГОи) во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD3.
16.Одлука за покренување на иницијатива за утврдување на потребата од изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистичкиот план за Кп.бр.493 и други КО Петралинци,општина Босилово.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-1949/1 за усвојување на Годишниот извештај за работа на Центарот за развој на Југоисточен плански регион за 2024 година,донесен на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1966/1 Општина Босилово**
**16.05..2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1 точка 29 и член 79 ст.1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14),Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 16.05.2025 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен извештај за работа на Центар за развој на Југоисточен плански регион за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Босилово го усвојува годишниот извештај на Центарот за Југоисточен плански регион за 2024 година.

**Член 2**

Заклучокот стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Босилово

**Бр.08-1949/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Босилово Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1950/1 за усвојување на Измена и дополнување на Буџетот на Општина Босилово за 2025 година,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1967/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМбр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.84/2020,202/2024)и член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр.61/04,96/04,67/07,....192/15,209/18) и Сл.весник на РСМ бр.244/19,53/21,77/21,150/21.....170/24 и 37/25) Советот на општина Босилово на шеесеттата седница одржана на ден 16.05.2025 година,донесе,

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Буџетот на Општина Босилово за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Босилово за 2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

**Бр.08-1950/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1951/1 за Измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Босилово за 2025 година бр.08-2718/1 од 30.12.2024 година(Сл.гласник на општина Босилово бр.52/24) ,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1968/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 23 став 8 од

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21 и), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 112/20, 215/21, 99/22, и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20), одредбите од колективниот договор на Општина Босилово бр.03-2795/1 од 28.12.2022 година, одредбите од Општ Колективен договор за јавниот сектор (Сл.весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 година) и член 21 од Статутот на Општина Босилово („Службен гласник на Општина Босилово” бр.21/2014 од 2014 година),Советот на Општина Босилово на 60-та седницата одржана на 16.05.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година бр.08-2718/1 од 30.12.2024 година, (Службен гласник на општина Босилово бр. 52/24)**

**Член 1**

Во одлуката за извршување на буџетот на општина Босилово за 2025 година (Службен гласник на општина Босилово бр.52/24 ) членот 17 став 1, се менува и гласи:

„Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 (шест) месеци на вработениот во општината и локалните јавни установи му се исплатува помош во висина од една просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата. Исплатата ќе се врши од Програма Е0- општинска администрација, расходно конто 464990- Други трансфери, Програма Н1- основно образование, расходно конто 464990- Други трансфери и програма В1- детски градинки, расходно конто 464990- Други трансфери.

**Член 2**

Член 20 став 2 се менува и гласи :

„ Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи и случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот во општината и локалните јавни установи, вработениот има право на надоместок“.

Став 3 се менува и гласи:

„Надоместокот за смрт на вработен во општината и локалните јавни установи му се исплатува во висина од двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесното семејство на вработениот во општината и локалните јавни установи (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплатува една просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990- Други трансфери, од Програма Е0- општинска администрација, расходно конто 464990- Други трансфери, Програма Н1- основно образование, расходно конто 464990- Други трансфери и програма В1- детски градинки, расходно конто 464990- Други трансфери.“

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-1951/1 Совет на Општина Босилово**
**16.05.2025год. Претседател**
**Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1952/1 за Измена на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година и измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2722/1 од 30.12.2024 година

,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1969/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ 151/21, 39/24, 76/24 и 272/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на 60-та седницата одржана на ден 16.05.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена на одлуката за одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година и измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр. 08-2722/1 од 30.12.2024 година**

**Член 1**

Се врши измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година, бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година и измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2722/1 од 30.12.2024 година.

**Член 2**

Во член 2 став 1 од одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година, бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година, се врши измена во финансиската конструкција на развојната програма и тоа,

-Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, Потпрограма ЈДф – Програма за патишта на општина Босилово за 2025 година.

**Член 3**

*Составен дел на оваа одлука е образецот В1 – план на програми за развој на општина Босилово за 2025 година и тоа за програмата ЈДФ – Програма за патишта на општина Босилово за 2025 година.*

*Планот на програмите за развој е составен дел од буџетот на општина Босилово за 2025 година.*

**Член 4**

Оваа одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-1952/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1953/1 за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ“Борис Трајковски“Моноспитово ,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1970/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 20-б од Закон за вработените во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018,198/2018 и Сл.весник на РС бр.143/2019,14/2020,95/2020,302/2020,208/2024, 210/2024),Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ“Борис Трајковски“Моноспитово**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ“Борис Трајковски“Моноспитово.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-1953/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025годин Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1955/1 за давање согласност на измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД“Огражден“Босилово,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1981/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018,198/2018 и Сл.весник на РС бр.143/2019,14/2020,95/2020,302/2020,208/2024, 210/2024)а врз основа на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД“Огражден“бр.02-215/1од 11.04.2025 година,Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД“Огражден“Босилово**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на Измените и дополнувањето на Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД“Огражден“Босилово бр.01-12/6 од 21.02.2025 година.

**Член 2**

По добивање на согласност од страна на Советот на општина Босилово Измените и дополнувањето на Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД“Огражден“Босилово се доставува до надлежното министерство за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.08-1955/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-1956/1 за усвојување на Извештајот за материјално финансиското работење на ЈПКД“Огражден“Босилово за периодот 01.01.2025-31.03.2025 година,донесен на шеесетата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1971/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1 точка 31 и член 79 став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) а в.в.со Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово бр.02-257/1 од 12.05.2025 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 16.05.2025 година донесе,

**Заклучок за усвојување на Извештајот за материјално финансиското работење на ЈПКД“Огражден“Босиловоза периодот 01.01.2025-31.03.2025 година**

**Член 1**

Советот на општина Босилово го усвојува кварталниот извештај за материјално финансиското работење на ЈПКД“Огражден“Босилово .

**Член 2**

Кварталниот извештај за материјално финансиското работење на ЈПКД“Огражден“Босилово се однесува на периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

Член 3

Заклучокот стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Босилово
.

**Бр.08-1956/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник

на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1957/1 за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово за отпишување на долг спрема Советот за јавни набавки,донесен на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1972/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1 точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14)а в.в. со Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово бр.02-217/1 од 11.04.2025 година Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово за отпишување на долг спрема Советот за јавни набавки**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на одлуката на Управен одбор на на ЈПКД“Огражден“Босилово за отпишување на долгот на ЈПКД“Огражден“Босилово спрема Советот за јавни набавки во износ од 72.704,00 денари заклучно со 31.12.2024 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави на огласната табла наЈПКД“Огражден“Босилово.

**Бр.08-1957 /1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1958/1 за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово за сечење гранки на физички и правни лица,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1973-/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст. точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) а в.в.со Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово бр.02-218/1 од 11.04.2025 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово за сечење гранки на физички и правни лица**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД“Огражден“бр.02-218/1 од 11.04.2025 година со која ЈПКД“Огражден“Босилово се задолжува да врши сечење гранки на физички и правни лица во сите населени места во општина Босилово.

**Член 2**

Согласно Одлуката на Управниот одбор за извршената услуга ЈПКД“Огражден“Босилово ќе наплаќа 2.000,00 денари од час.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави на огласната табла на ЈПКД“Огражден“Босилово.

**Бр.08-1958/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1959/1 за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД“Огражден“Босилово за работа после водомер(приклучок за

вода),донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1974/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1 точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) а в.в.со Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.02-219/1 од 11.04.2025 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово за работа после водомер(приклучок за вода)**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД"Огражден"бр.02-219/1 од 11.04.2025 година со која ЈПКД"Огражден"Босилово се задолжува да врши работа после водомер во сите населени места во општина Босилово.

**Член 2**

Согласно Одлуката на Управниот одбор за извршената услуга ЈПКД"Огражден"Босилово ќе наплаќа 1.000,00 денари од час.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави на огласната табла на ЈПКД"Огражден"Босилово.

**Бр.08-1959/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1961/1 за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД"Огражден" Босилово за донесување ценовник за јавна чистота на површините на општина Босилово,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1975/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1 точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) а в.в.со Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.02-220/1 од 11.04.2025 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈПКД"Огражден Босилово за донесување ценовник за јавна чистота на површините на општина Босилово**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.02-220/1 од 11.04.2025 година со која ЈПКД"Огражден"Босилово се задолжува да врши чистење на јавните површини на општина Босилово и тоа:
-рачно и машинско метење на тротоари,игралишта,патеки,културни домови, и други јавни површини;
-рачно и машинско косење на јавни површини во сите населени места на општина Босилово.

**Член 2**

Согласно Одлуката на Управниот одбор за извршената услуга ЈПКД"Огражден"Босилово ќе наплаќа 10,00 денари од м2.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави на огласната табла на ЈПКД"Огражден"Босилово.

**Бр.08-1961/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Решение бр.08-1960/1 за избор на член на Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1976/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 т.38 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 16.05.2025 година,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на член на Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди**

**Член 1**

За член на Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди формирана со Решение бр.08-2666/1 од 17.12.2021 година се избира лицето Илија Василев,дипломиран инг.агроном од с.Робово.

**Член 2**

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

**Бр.08-1976/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Решение бр.08-1962/1 за именување претставник на министерството во УО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово ,донесено на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1977 /1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 114 ст.1 од Закон за заштита на децата(Сл.весник на РСМ бр.104/19,146/19,275/19,311/20...236/2022,265/2024,17/2025) а врз основа на Предлогот на Министерството за социјална политика,демографија и млади бр.03-2599/1 од 21.03.2025 година и член 21 ст.1 т.28 и член 81.став 2 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на ОБ бр.21/14) Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување претставник на министерството во УО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово**

**Член 1**

За претставник на министерството во УО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово се именува Македонка Митрева ,на место на претходно предложениот член Стојна Караиванова.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави на огласната табла на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово .

**Бр.08-1962/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1964/1 за давање согласност на Одлуката на УО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово за измени и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово,донесена на шеесетата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1978/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 20-б од Закон за вработените во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018,198/2018 и Сл.весник на РС бр.143/2019,14/2020,95/2020,302/2020,208/2024, 210/2024),Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ“Борис Трајковски“Моноспитово**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ДАВА СОГЛАСНОСТ на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ“Борис Трајковски“Моноспитово.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-1964/1 Совет на Општина Босилово**

**16.05.2025 Претседател,**
**Мито Андонов**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1963/1 за ко-финансирање на проекти на граѓански организации(ГОи) во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD3 програмата,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1979/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 16.05.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За ко-финанисрање на проекти на граѓански организации (ГОи) во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD3 програмата**

**Член 1**

Општина Босилово пројавува интерес за учество во Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3) спроведувана и финансирана од страна на Европската Унија (ЕУ) и Развојната програма на Обединетите Нации (УНДП).

**Член 2**

Општина Босилово се согласува да кофинансира проекти на граѓански организации во износ од 30 % од вкупниот износ на средства за граѓански организации што ќе бидат распределени на општината во рамките на ReLOaD3 програмата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

**Бр.08-1963/ 1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев**
**с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-1965/1 за покренување иницијатива за утврдување на потребата од изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистичкиот план за КП бр.493 и други КО Петралинци,општина Босилово,донесена на шеесеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 16.05.2025 година.

**Бр.09-1980/1 Совет на општина Босилово**
**16.05.2025 година Претседател,**
**Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 21ст.1 ал.7 од Статутот на Општина Босилово(Сл.гласник на општина Босиловобр.21/14)Советот на општина Босилово, на седница одржана на ден 16.05.2025 година да донесе,

**О Д Л У К А**
**за покренување иницијатива за утврдување на потребата од изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистичкиот план за КП бр.493 и други КО Петралинци,општина Босилово**

**Член 1**

Се дава согласност за покренување на иницијатива за утврдување на потребата од изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистичкиот план за КП.бр.493 и други КО Петралинци,општина Босилово.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-1965/1 Општина Босилово**
**16.05.2025 година Градоначалник,**
**Б о с и л о в о Ристо Манчев**
**с.р.**